# Извешај за обавена едукација во Универзитетска клиника "Capa Cerrahpasa" Истанбул, Турција.

Мед.сес. Христина Зафировска

ЈЗУ Општа Болница Кичево

- Мојата  работна организација Ј.З.У.Општа болница Кичево, под покровителство на Министерството за здравство на Р.Македонија, ми овозможија двонеделна едукација, како дел од проектот на Владата на Р. Македонија за обука на медицински кадри во светски и еминентни здравствени установи.

- По пристигнувањето на 15.01.2017год. наредниот ден на 16.01.2017год. се јавив во Деканатот на Универзитетската Клиника “Capa Cerrahpasa” Истамбул Турција каде бевме распоредени од одговорниот соработник на Клиниките на кои требаше да почне нашата едукација.
- Оваа Универзитетска Клиника постои 190год.
- Број на вработени е 5000 персонал од кои 400-500 се професори, 1000 медицински сестри а останатото е технички персонал.
- Годишно поминуваат по 1.300.000. пациенти.

- На Клиниката бев примена од Началникот и Одговорната сестра на Гин.Акушерско одд.-Родилна сала.
- Работното време беше од 08-14часот.
- Работата во Родилна Сала се одвиваше со дежурства, каде се работеше 24часа.
- Родилната сала беше на –(минус)II-ри кaат од болницата каде беа и операционите сали.
- На истиот кат беа Матичните Гинеколози-Акушери, потоа Одделението за Патолошка бременост, две соби за пред породување па Родилната Сала, на истиот кат и Операционите сали.

- Присуствував на Спонтани породувања и Царски рез во Операциона сала.
- Начинот на прием на пациентката беше поразличен од кај нас, пациентките пред породување секојдневно идеа на контрола кај Матичниот лекар,
- доколку Лекарот види дека процесот на породување е почнат ја упатува пациентката во Родилна Сала.
- Тука почнуваше приемот и припремата на пациентката, и веднаш се ставаше пациентката на Гинеколошкиот стол, веднаш се бараше венска линија каде течеше чист Fizioloski rastvor па потоа со самата дилатација се додаваше останатата терапија и се укључуваше ЦТГ кое работеше до самит чин на породување, додека пациентката е на Гинеколошки стол во Родилна сала влегуваа членови од семејството за да ја посетат.

- После породувањето новороденото се згрижуваше од страна на неонатолошка сестра и Лекар Неонатолог-Педијатар кои се повикуваа од нивното одделение пред породувањето и се земаше отисик од десниот табан на ногата од новороденото, новороденото се облекуваше во облека донесена од страна на семејството, и новороденото веднаш беше однесено во Неонатолошко одделение, додека мајката при нормално породување беше задржувана уште три (03) часа во Родилна Сала, додека при Царски Рез беше дваесет и четири (24) часа на интезивна нега, па пренесена на Неонатолошко одделение каде и беа хоспитализирани породените пациентки.

- Одделението за Неонатологија беше на VIII (осми) кат каде лежеа и породените мајки (леунки за време на пуерпериум) и новородените, додека на IX (девети) кат беше Интезивна Неонатологија
- Секоја Клиника си имаше своја Брза Помош и доколку беше донесена пациентка со Брза помош беше примана со упат издаден од Брза Помош за Родилна Сала.
- Во текот на 2016год во Универзитетската Клиника Сара Cerrahpasa биле следниве раѓањата

| Месец | Нормално (спонтано) породување | Породени со Царски Рез | Живо родени | Ургентно породување | Мртво родени | Вкупно родени | Починати родилки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 60 | 104 | 140 | 0 | 30 | 164 | 0 |
| II | 65 | 83 | 126 | 0 | 24 | 148 | 1 |
| III | 67 | 92 | 124 | 0 | 37 | 159 | 0 |
| IV | 59 | 78 | 108 | 0 | 33 | 137 | 0 |
| V | 74 | 102 | 157 | 0 | 31 | 176 | 0 |
| VI | 48 | 105 | 140 | 0 | 24 | 153 | 0 |
| VII | 57 | 100 | 146 | 0 | 17 | 157 | 0 |
| VIII | 71 | 119 | 172 | 0 | 26 | 190 | 0 |
| IX | 80 | 113 | 172 | 0 | 29 | 193 | 0 |
| X | 85 | 89 | 138 | 0 | 41 | 174 | 0 |
| XI | 74 | 94 | 154 | 1 | 23 | 169 | 0 |
| XII | 84 | 93 | 159 | 0 | 28 | 177 | 0 |
| Вкупно | 824 | 1172 | 1736 | 1 | 343 | 1997 | 1 |

- За она што го научив не сакам да го препишам само себеси, за тоа голем дел имаат и вработените од Универзитетска Клиника “Сара  Cerrahpasa” Истамбул Турција. Бев примена со голема љубов и топлина од целиот персонал,кио максимално се трудеа да ми пренесат знаења.
- Денес овде пред вас сум побогата за едно големо искуство и знаење кое сакам да го споделам со мојата работна организација. Голема благодарност до мојата работна организација Ј.З.У.Општа болница Кичево и Министерството за здравство на Р.Македонија.